# СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА **ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА**

## ПРВ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

ЈУНИ – АВГУСТ 2019

Институт за човекови права

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

British Embassy
Skopje

Funded by
UK Government

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Зголемен јавен надзор врз Антикорупциска и Антидискиминациска комисија“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ВОВЕД | 4 |
| НАОДИ | 5 |
| - ОДРЖУВАЊЕ СЕДНИЦИ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДКСК | 6 |
| - ИМОТНА СОСТОЈБА | 7 |
| - СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | 9 |
| - АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА АКТИ | 10 |
| - УКАЖУВАЧИ | 10 |
| - ПОДАРОЦИ | 11 |
| - ПРИЈАВИ И ИНИЦИЈАТИВИ | 12 |
| - СОРАБОТКА | 14 |
| - ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА | 16 |
| - ОТВОРЕНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ | 16 |
| ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ | 18 |

# ВОВЕД

„Транспарентност Македонија" (понатаму во текстот само ТМ), во соработка со „Институтот за човекови права", го спроведува проектот „Следење на работата, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на Државната комисија за спречување на корупцијата".

Проектот се реализира во периодот од јуни 2019 - март 2020 година и е поддржан од Амбасада на Велика Британија во Република Северна Македонија.

Првиот квартален извештај се однесува на работата на Државна комисија за спречување на корупција, за периодот јуни - август 2019 година и произлегува од претходно подговена и одобрена, нова методологија и индикатори за следење на работата на ДКСК.

Целта на оваа методологија е да се направи сеопфатен пристап меѓу законските надлежности на институцијата, следење на работата и постигнувањата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК, или понатаму во текстот само Комисијата), со оценка за ефективноста и транспарентноста, од каде што ќе произлезат предлог -препораки за унапредување на состојбите.

Притоа, покрај остварувањето на законските надлежности и овластувања, кои се дадени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, работењето и постигнувањата на ДКСК ќе се следат и оценуваат и преку степенот на запазување на принципите на транспарентност, отчетност и одговорност во работењето на Комисијата и преку мониторинг на содржината на одлуките кои ги носат во текот на периодот за кој се известува. Воедно, онаму каде што е можно ќе се мери ефектот од донесените одлуки, т.е. препораки или поднесени иницијативи до други органи, согласно закон.

Оттука, покрај актуелниот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како основни документи во кои се наведуваат обврските и работните задачи на Комисијата, ќе се користат и: Деловникот за работа на ДКСК, Годишна програма за работа на ДКСК, Стратешки план на ДКСК за период 2018-2020, Буџет на ДКСК, Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државни програми за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси со акционен план за нивно остварување 2016-2019, како и други соодветни документи.

# НАОДИ

Во месец јуни и јули ТМ достави два прашалника до Комисијата. Едниот прашалник се однесуваше на податоци и состојба во однос на административниот капацитет, а другиот во однос на работењето согласно законските надлежности.

Во месец јули ТМ го објави Извештајот за административниот капацитет на ДКСК, каде што беа нотирани главните предизвици на Комисијата во рамки на стручен и потребен кадар за работа.

Би сакале да нотираме овде дека само месец дена откако беше објавен тој Извештај во јавноста и доставен од страна на „Транспарентност Македонија“ на мејл адресите до Влада на РСМ, до Собрание на РСМ, до Министерство за финансии, до медиумите, итн. беше објавен оглас[1] за вработување во ДКСК со дури 8 отворени работни позиции.

Овој факт е за поздравување, но анализата на позициите и потребата ќе биде предмет на разгледување во следниот квартален извештај.

Додека пак за вториот прашалник, одговорите, во форма на доставени податоци од страна на Комисијата, за законските надлежности и постапувања се обработени во овој прв квартален извештај.

ТМ ги следеше и објавите на интернет страницата на Комисијата, а исто така присуствуваше и на јавните седници на Комисијата со цел да ги следи дискусиите и случаевите кои се разработуваа на дневен ред.

1 *https://www.fakulteti.mk/job/08082019/vrabotuvanje-vo-drzhavna-komisija-za-sprechuvanje-na-korupcijata*

# Одржување седници и функционирање на ДКСК

Во периодот кој е предмет на овој извештај ДКСК одржа четири седници, донесени се 66 одлуки и истите се објавени на веб страната. Воедно, од аспект на транспарентност седниците беа јавни, за предметите се дискутираше јавно, а медиумите беа уредно поканети за присуство и следење на седниците[2].

Од аспект на пристап повторно ќе укажеме на потребата за поголем простор и капацитет за одржување на јавните седници, со цел да може да присуствува поголем број на медиуми и општа јавност. Воедно, пристапот до просторијата за одржување на јавните седници не е прилагоден за лица со инвалидитет.

**2%**
Пораст во реализација на активностите на Комисијата оваа година

За поздравување е фактот што е донесен нов Деловник за работа на Државната комисија за спречување на корупција. Согласно новиот Деловник, сите информации поврзани со предметите отворено би се изнесувале на седниците, при што би се избегнале забуни и ненавремено информирање на јавноста. Воедно, се предвидува Претседателот и членовите на Комисијата да одржуваат состанок на колегиум најмалку еднаш неделно, каде што ќе се консултираат меѓусебно за предметите и сите тековни прашања.

Од аспект на транспарентност, новиот Деловник за работа е објавен на веб страницата на ДКСК и ќе биде преведен и на албански јазик.

Согласно законската обврска на ДКСК за избор на заменик претседател на секои шест месеци, едногласно за заменик претседател на комисијата беше избран г-дин Владимир Георгиев.

Во врска со реализацијата на активностите на Комисијата, во рамки на јавните седници беше нагласено дека во споредба со претходната година во која реализацијата на активности изнесувала 64%, оваа година бележи пораст за 2% или забележана е 66%-на реализација на активностите.

*2 Иако не спаѓа во периодот во кој се мониторира работата на ДКСК, сепак се нотира во време на пишување на овој извештај дека не беше јавно објавена информација за одржување на седница на веб страната на 17 септември 2019. Оваа забелешка е само нотирање на состојба, иако медиумите беа уредно поканети, ја следеа седницата и информираа во јавноста во однос на истото. Но, со цел да се укаже дека објавувањето на веб страна е важен индикатор за степенот на транспарентност, сепак се одлучивме да го ставиме ова во фуснота и да го прибележиме.*

Позитивна конотација се и усвоените одлуки за донесување Упатства за прогласување на доверливи податоци; Упатство за спроведување на одлуката за доверливи податоци; како и поттикнување на членовите на Комисијата да потпишат Изјава за доверливост и непристрасност на претседател и членови на ДКСК; Изјава за доверливост и непристрасност на вработени во Секретаријатот на ДКСК; Изјава за доверливост и непристрасност за надворешни експерти.

На тој начин сметаме дека се зголемува степенот на одговорност и отчетност на членовите на Комисијата. Уште еднаш би го напомenале фактот дека треба да се донесе и Етички Кодекс за вработените и посебен Етички кодекс за членовите на Комисијата документ за членовите на Комисијата, со што практично би се превенирале состојбите кои произлегуваат од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, а за кои важат истите одредби, како и за другите носители на јавни функции. Изготвен е Нацрт – Етички кодекс за членовите на ДКСК, кој во периодот што претстои истиот ќе биде усвоен.

Во однос на Етички кодекс за вработените истите имаат статус на административни службеници и за нив веќе постои Етички кодекс. Но по одржани работилници ДКСК заклучи дека за вработените ќе се донесат „Насоки за добро однесување и интегритет" и оваа активност е во фаза на изработка, додека пак за членовите Етички кодекс за нив.

# Имотна состојба

Прашалникот содржи сет од прашања кои се однесуваат на законските надлежности на ДКСК во однос на имотната состојба на избраните и именуваните лица. Комисијата не располага со точен податок за бројот на избрани и именувани лица поради тоа што раководните лица на институции и органи кои вршат избори и именувања или од нив овластени лица, кои се должни да доставуваат образец со податоци за избрани и именувани лица, не ги доставуваат редовно. Вкупниот број на доставени обрасци на избрани и именувани лица во Регистарот на избрани/именувани лица до доставување на одговорите од прашалникот изнесува **5346**.

Позитивна мерка за надминување на состојбата во делот на нередовно ажурирање и доставување на информации е нотирано со објавата на Соопштение од страна на ДКСК во која се повикува и потсетува на обврската и санкцијата

за неисполнување на наведената обврска, за која е предвидена прекршочна одговорност, „глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководно лице на институција, односно орган кој врши избори и именувања или на од него овластено лице кое до Државната комисија без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на верификацијата на мандатот, изборот и именувањето, како и по престанокот на функцијата, односно должноста на избраното и именуваното лице нема да достави пополнет образец со податоците за лицата од членот 82 став (1) од законот".

Проверките на вистинитоста на податоците од изјавите за имотната состојба не е завршена, но во случаите каде што е утврдено дека не е поднесен анкетен лист е издаден прекршочен платен налог, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоци. Издадени се вкупно 24 прекршочни платни налози во овој период.

Што се однесува до бројот на проверки, во тек се **49** постапки за проверка на вистинитоста на податоците од изјавите за имотната состојба.

Во периодот кој е предмет на овој извештај, Комисијата не повела нови постапки за испитување на имотната состојба, но во тек се **9** постапки започнати во претходното тримесечје.

ДКСК во периодот јуни - август нема поднесено иницијативи до надлежното Јавно обвинителство, ниту пак иницирале постапки за испитување на основата на стекнување на имот на член на семејство или блиско лице.

Воедно, во овој период објавено е уште едно Соопштение во кое повторно се потенцира и укажува на законската обврска за пријавување на имотните листови, како и промените на имотната состојба и интересите, потсетувајќи на прекршочните одредби од законот.

Овие мерки за надминување на состојбите кои се изразени преку медиумите, односно веб страна и јавноста се позитивно оценети од аспект на транспарентност и одговорност при постапувањето, особено во делот на укажувањето на законските обврски. Со самото тоа што укажува, Комисијата го почнала процесот на одговорно работење и постапување, односно почнување на постапка за решавање на ситуациите.

# Судир на интереси

Комисијата не може да ја утврди бројката за лица кои треба да поднесат изјава за интереси, бидејќи како и кај имотната состојба, така и кај судирот на интереси, поради тоа што раководните лица на институции и органи кои вршат избори и именувања или од нив овластени лица, кои се должни да доставуваат образец со податоци за избрани и именувани лица, не ги доставуваат редовно.

Сепак, во периодот од јануари до август 2019, доставени се **500 изјави** за судир на интереси и извршена е проверка на сите поднесени изјави. Во текот на јуни - август од страна на 21 службено лице било побарано мислење за постоење на сомневање за судир на интереси и за сите било дадено мислење за постоење или непостоење на судир на интереси.

1,3%

Од доставени 79 пријави, поведена е само една постапка за утврдување постоење судир на интереси

Што се однесува до бројот на поведени постапки за утврдување постоење судир на интереси, по службена должност е поведена само **1 постапка**, додека до Комисијата биле доставени **79 пријави** и барања за мислења за постоење или непостоење на судир на интереси по кои ДКСК постапува.

Комисијата има донесено и објавено **14 одлуки** за постоење или непостоење на судир на интереси. ДКСК има поднесено **3 иницијативи** за утврдување одговорност до надлежните институции, во периодот кој е предмет на овој извештај, има донесено заклучок за покренување **5 иницијативи** за поведување постапка за кривично гонење во предмети од областа на спречување судир на интереси, од кои 2 веќе се доставени до Јавното обвинителство.

Комисијата има донесено **1** јавна опомена за службени лица избрани на непосредни избори.

Постапувајќи по предметот (единствената постапка во овој период), Државната комисија констатира дека наведеното лице се наоѓа во состојба на судир на интереси односно **кумулација на функции** како појавен облик на судирот на интереси и се наметнува обврска за откажување на едната од двете спомнати функции. Лицето не постапи по барањето на Државната комисија, односно во законски утврдениот рок доброволно не се откажа од извршување на едната од двете функции кои во моментов ги извршува и не го отстрани судирот на интереси. Комисијата изрече мерка „јавна опомена“, по што службеното лице

постапи по барањето на ДКСК и се повлече од една од двете функции, со што ја отстрани состојбата на судир на интереси. Сепак, генерално постои ризик за ефектот на оваа мерка, односно за ефектот на постапувањето, бидејќи постои можност оваа одлука да се оспорува.

Мерката „Јавна опомена" се објави во средствата за јавно информирање и истата беше јавно објавена и на веб страната на Комисијата.

Согласно член 80 од ЗСКСИ, ДКСК ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапува, односно седниците на ДКСК се јавни и сите случаи се објавуваат.

# Антикорупциска проверка на акти

Комисијата во периодот јуни - август 2019 г. извршила антикорупциска проверка на легислативата на **4 акти**.

Согласно Закон за спречување корупција и судир на интереси, ДКСК нема надлежност да доставува иницијативи за измена на легислативата, а согласно утврдената методологија усвоените извештаи за АПЛ се доставуваат до подносителот (доколку постои) и истите се објавуваат на ВЕБ страницата на ДКСК.

# Укажувачи

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има обврска да воспостави Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи. Почнувајќи од март-април 2016 година кога почна имплементацијата на Законот, овластеното лице за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување во ДКСК започна да води Регистар на овластени лица за прием на пријави од укажувачи. Истиот континуирано се пополнува со нови податоци за овие лица за кои известиле јавните институции, како што пристигнуваат Известувањата од институциите.

Вкупниот број на лица во Регистарот, сметано од почетокот на водењето на Регистарот до денес е **95**, со тоа што во периодот јуни - август беа доставени известувања за нови **14 лица** (број кој е вкалкулиран во вкупниот број 95). Регистарот за овластените лица за прием на пријави од укажувачи се евидентира при секое примено Известување за овластено лице за прием на пријави од укажувачи од јавна институција. Регистарот за овластено лице го води само едно овластеното лице за заштитено внатрешно и заштитено надворешно

пријавување во ДКСК. Регистарот за овластени лица за прием на пријави од укажувачи не е објавен на веб страната на ДКСК. Се планира истиот да биде објавен во текот на месец септември со оглед на фактот дека сеуште пристигнуваат известувања од институциите за овластени лица и редовните полугодишни извештаи за примени пријави, што согласно закон тие се должни да ги достават по истекот на првите шест месеци од годината.

Се поставува прашањето дали можеби е подобро да се прави анализа и во рамки на ДКСК, односно дали е потребно да се води евиденција и по сектори, односно области каде има зголемување на бројот на овластени лица за прием на пријави од укажувачи и обратно, да се анализира кои сектори имаат мал број на доставени пријави за овластени лица за прием на укажувачи. Иако надлежен орган за спроведување на Законот за заштита на укажувачите е Министерството за правда, би било добро да се размисли таквата анализа и препораки да произлегуваат од ДКСК заради попрактичен увид во состојбите.

Препорака: Со објавување на ваков податок во јавноста на транспарентен начин се делува кон зголемување на свеста и законската обврска за номинирање на овластени лица, како и зголемување на степенот на имплементација на Законот за заштита на укажувачите.

# Подароци

Комисијата до сега нема примено ниту една копија од листата на евиденција за примени подароци, ниту има нововнесени производи во каталогот на подароци.

# Пријави и иницијативи

Во периодот јуни - август Комисијата примила вкупно **177 пријави** и за истите оформила предмети. Од 177 предмети за **24** донеле одлуки, додека за **4** покренале иницијативи за одговорност. ДКСК оформила и предмети по сопствена иницијатива и тоа вкупно **7** предмети, од кои за **1** донеле одлука и за 1 повеле иницијатива за поведување кривично гонење.

14%

За 24 од 177 пријави е донесена одлука. ДКСК оформила 7 предмети по сопствена иницијатива

Во периодот кој е предмет на овој извештај, Комисијата не покренала иницијативи пред надлежни органи врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија, како и поради незадоволство од одлука донесена врз основа на дискрециско овластување.

Комисијата во овој период не примила пријави од избрани или именувани лица за промет со државен имот, со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од избраното или именуваното лице или член на негово семејство, ниту од службени лица за стекнување на акционерски права за време на траење на мандатот, службената должност или вработувањето.

Комисијата покренала **4 иницијативи** пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување одговорност на службено лице.

Иницијативите кои се покренати од страна на ДКСК се воглавно поттикнати како прашање во јавноста, односно медиумите. Останува прашањето дали во процесот на донесување одлуки за кој случај ќе постапува (за прашања поставени преку медимуите/јавноста) Комисијата разгледува колкав ефект ќе има и колку ресурси ќе потроши за прашање од јавен интерес.

Во извештајниот период бројот на укажувањата дадени од страна на ДКСК по кои надлежните органи постапиле е (2).

Беше покрената иницијатива за поведување постапка за кривично гонењеза лице заради стекнување материјална корист, како и упатено е барање до надлежна јавна институција да донесе решение со кое ќе се стави во мирување работниот однос. Воедно, беше побарано да се утврдат критериумите за плата на лицето во ректоратот во кој извршува раководна функција. Патем, ДКСК предложи да се испита и кај другите универзитети дали е слична состојбата[3].

Во ваквите случаи кои ги отвора ДКСК останува прашањето како ќе се мери ефективноста, односно ефектот по даденото укажување и продолжување на постапката за испитување на состојба и кај други институции/тела. Имајќи го предвид фактот дека Комисијата не располага со голем број на ресурси и административен капацитет, се поставува прашање како и на кој начин ќе се продолжи со постапката, колку време и ресурси ќе одземе и колкава штета односно заштеда ќе донесе по буџетот на РСМ.

*3 https://emagazin.mk/antikorupcionerite-baraat-odgovornost-od-rektorot-na-ukim-nikola-ankulovski-bide-i-so-godini-si-zemal-dve-plati/*

Во делот на **анонимни пријави** забележени се предмети кои ДКСК ги отвора по неколку пати, се разгледуваат прашањата по неколку пати, а и покрај добрата волја за соработка на државните инситуции, и донесените одлуки во корист на лицето, истото кое поднело пријава, не се појавува и пријавува на конкурсите за кои ја поднесува пријавата. Во таа насока, забележителен е пораст на предмети и пријави кои се отфрлаат како неосновани и такви во кои Комисијата се наоѓа како ненадлежна за постапување.

Препорака: Да се врши приоретизација на предмети и пријави по однос на обем на штета по домашен буџет, остварување на права и обврски, влијанија, итн. а да се одбегне постапување по неколку пати по истата пријава.

Во делот на препораките кои ги издава Комисијата таргетираме една за која сметаме дека е од особен интерес при тргување со влијание. Се работи за случајот каде што лице вработено во јавна администрација на позиција, дополнително е ангажирано преку различни агенции и правни лица.

Комисијата ја даде следната препорака: „Ваквата појава е раширена во јавниот сектор веќе подолго време. Се дава предлог – препорака до јавните служби потесно да ја регулираат ваквата состојба."

Останува прашањето како ќе се ефектуира овој заклучок на ДКСК до јавните служби, односно по кој механизам ќе бидат задолжени истите да постапат особено кога се работи само за форма на препорака. Ефектот од препораката не може ниту да се мери, ниту да се следи. Со самиот заклучок дека ова е состојба која трае и ги доведува во прашање оние кои се носители на јавни функции, позиции, сметаме дека треба да се изнајде начин како да се зголеми степенот на одлуката, и тоа од препорака кон форма на Укажување.

Во областа на спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупција веќе поведе постапка за кривично гонење на градоначалникот на општина Сарај поради дивоградбите на Матка.

Особено се важни и бројни постапувањата на ДКСК во делот на пријавите за несоодветна примена на дискреционите овластувања при вработувања, односно избор и селекција на кандидати за вработување, предлог иницијатива за кривично гонење и препораки за поништување на одлуката за избор на

кандидати, барање за утврдување на одговорност на одговорно лице, како и предлог -иницијатива до Јавното обвинителство за отворање на кривична постапка.

Треба да се нотира позитивно и тоа дека неколку постапки се запрени поради навремено постапување од страна на лицата и исполнување на барањето на ДКСК.

Од аспект на начелото на транспарентност јавно беа прочитани повеќе лица против кои се води прекршочна постапка поради не доставување на анкетни листови, беа прочитани и лицата кои платиле глоба во износ од 150 евра и придонеле кон зголемување на државниот буџет во вкупен износ од 148,800.00 денари.

# Соработка

Во периодот јуни-август 2019 година Комисијата реализирала соработки со 26 државни органи во обезбедување на потребни информации.

Одржани се 2 состаноци со Биро за јавни набавки и НБРМ заради поврзување на базите на податоци и овозможување проверка, за користење на податоци потребни за постапувањето на Комисијата, што се смета за дополнително олеснување и овозможување на ефикасно работење и постапување на Комисијата.

Во периодот, кој е предмет на овој извештај, Комисијата потпишала Договор за соработка и размена на податоци во електронска форма со Управата за финансиско разузнавање.

Согласно член 30 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси за остварување на своите програмски активности кои опфаќаат истражувања, анализи, обуки, информирање и подигнување на свеста на јавноста и на институциите од јавниот сектор и пренесување на добри практики, Комисијата освен со институции може да соработува со здруженија и фондации, научни установи и приватниот сектор, во областа на спречувањето на корупцијата.

## Број на реализирани размени на информации со надлежни тела на други држави и меѓународни организации:

- Состанок со Самјуел Жбогар, Амбасадор на ЕУ во РСМ
- Посета на Антикорупциска Агенција од Косово - потпишување на Меморандум за соработка
- Состанок со претставници од ОБСЕ – надлежности и улога на ДКСК
- Состанок со претставници од Швајцарската амбасада
- Состанок со USAID’s Civic Engagement Project (CEP) заради можна соработка
- Состанок со НДИ заради воспоставување на соработка
- Донаторски состанок со претставници од меѓународната заедница заради размена на информации за тековна и можна поддршка
- Редовни состаноци на дневна основа со НМСИ – УСАИД (Иницијатива за поддршка на Северна Македонија) во рамките на воспоставена соработка за поддршка на работата и капацитетите на Државната комисија за спречување на корупцијата[4].

## Број на реализирани соработки со здруженија и фондации

- Две средби заради развивање на активности за проектот “Антикорупциска едукација на ученици од средни училишта” со ИДСЦС
- Соработка со Платформата заради развивање на Етички кодекс за вработените и членовите на ДКСК и развивање на Методологија за проценка на ризици кај анкетните листови
- Учество на форум - дискусија за антикорупциски реформи, МЦМС
- Консултативна средба со ИДСЦС на тема кон добро управување во државните претпријатија и независните организации
- Средба со ТМ заради презентирање на Методологијата за мониторинг и целите што треба да се постигнат со проектот “Мониторинг на ефективноста, ефикасноста, перформансите, транспарентноста и отчетноста на ДКСК”

*4 Изготвување на Национална стратегија за превенција од корупцијата и судирот на интереси, Комуникациска стратегија, Физибилити студија, Стратешки план, Реализација на обуки за јакнење на тимот. За дел од овие се реализирани соодветни настани, конференции, работилници, обуки.*

# Финансирање на изборна кампања

Комисијата во месец август достави до Собрание и Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања - Претседателски избори и предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар 2019 година, согласно законските надлежности и обврски за спречување на корупција во политика и Изборен законик.

За поздравување е фактот што постапувањата по предметите се дадени на транспарентен начин и табеларно, со јасен приказ на ситуациите.

Воедно, Извештајот[5] содржи и препораки до Собранието со што уште еднаш го потврдува квалитетот на документот.

# Отвореност и транспарентност

Комисијата сé уште нема усвоено документ, стратегија, политика, процедура, кој се однесува на отвореноста и транспарентноста. Комисијата има своја веб страна која ја ажурира, но не на редовна основа. Потребно е да се објават Годишни извештаи за работа за 2017 и 2018 година, во најмала рака информација за буџетското трошење на Комисијата за тој период.

Исто така, на страницата им е овозможено на граѓаните да искажат загриженост, поплаки и да поднесат пријави.

До крајот на 2019 г. Комисијата ќе развие Стратешки план за комуникација на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во текот на мониторираниот период Комисијата започна процес на дефинирање на ризици од корупција, како и подготовка на Националната стратегија за периодот 2020-2024.

*5 https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/izbori2019/2019-4146-1_-_poseben_izvestaj_izbori_2019_compressed.pdf*

Во однос на транспарентноста, ДКСК ги има објавено сите измени на Правилникот за систематизација на работни места на својата веб страна, но во рамки на поставениот органограм не се внесени бројот на вработени, видот на работното место, како и работните позиции во секоја организациона единица.

Активната транспарентност подразбира јасна видливост на пополнетите и непополнетите работни места по вид и ниво, која не постои транспарентно на веб-страната. Пристапот до ваков тип на информации треба да е лесен, читлив и разбирлив за секој граѓанин со минимум чекори за пребарување по документи на веб страната. Во таа насока, предлагаме органограмот да се дополни и прецизира со бројката на вработени по сектори/одделенија.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Сепак, и покрај напорите да се воспостави ефикасно и функционално одделение, во моментот во ДКСК само едно лице ги обавува работите за антикорупциска проверка на легислативата. И покрај тоа, во Годишната програма за работа за 2019 година беше планирано донесување на Планот и динамика за 2019 година за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата на донесени закони, по кој што ќе постапува ДКСК.

Државните органи, другите органи и организации се должни да достават до Државната комисија за спречување на корупцијата копија од листата од евиденцијата за примените подароци најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Изготвениот каталог на подароци, изготвен од добиените податоци од листата од евиденцијата за примените подароци во институциите за претходната година, ДКСК го објавува на својата веб-страница[6]. Комисијата се' уште нема објавено каталог на својата веб страница, но препорачуваме да прати информација до јавноста со цел укажување и промоција на оваа законска обврска за државните органи.

ДКСК до крајот на 2019 година да продолжи со активности во насока на промоција и примена на Законот за заштита на укажувачи.

Комисијата се' почесто да користи методологија на утврдување на ризици, односно да врши приоретизација на ризици од корупција во разни сектори во однос на штетата по правниот систем, владеењето на правото, злоупотреба на државен буџет, итн. со цел навремено и кохерентно да постапува и ефективно да ја спречува корупцијата во општеството.

6 https://dksk.mk/fileadmin/user_upload/Prog_2019.pdf

Издавач:
Транспарентност Македонија

Консултант:
д-р Кире Бабаноски

Уредници:
м-р Лилјана Пецова Илиеска
Ана Јаневска Делева